Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Петар Илиќ од Скопје УП2 09-364/23 од 14 декември 2023 година против Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-2591/1 од 1 декември 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ УВАЖУВА.

2. Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-2591/1 од 20 јули 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде Одлука согласно Правилата за надомест на штета, со претходно прецизно утврдување на фактичката состојба.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Петар Илиќ од Скопје Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-364/23 од 14 декември 2023 година против Известување за одбивање на Барање за надомест на штета на потрошувач бр. 03-2591/1 од 1 декември 2023 година издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: ЕД).

Жалителот потенцира дека настанал пожар на броилото поради неповрзана нула, а не од намалена испорака на електрична енергија како што стои во Известувањето. На 24 октомври дошла екипа на Електродистрибуција која направила контрола на броилата, по претпоставка дека по долг период на броилото имало потрошувачка. На 25 октомври на терен дошла истата екипа која го извадила броилото поради долг, при што не го затвориле струјното коло и настанат е спој. На 26ти се појавил мирис кај броилата и при настанатиот спој е направена материјална штета односно се изгорени повеќе уреди.

Според Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје – во Приговараното Известување се заокружени следните причини:

-Останати причини – согласно член 47 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија – внатрешен приклучок е дел од приклучокот кој опфаќа водови, опрема и уреди од завршетокот на надворешниот приклучок до објектот кој се приклучува согласно член 41 од Мрежните правила.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 23 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-364/23 од 14 декември 2023 година со прилог
   - Барање за надомест на штета
   - Приговараното Известување
   - Полномошно за Анита Поповска од Скопје
2. Одговор и дополнителни докази од ЕВН од 26 декември 2023 година со прилог:

-Записник од извршен увид на терен

-Записник за отклонување на дефект

и на седницата беше заклучено Електродистрибуција да достави дообјаснување на настанатата ситуација, поради различни наводи наведени во Записникот за извршен увид / и Записникот за отстранување на дефект - конкретно во делот на замената на нула проводникот, при што набрзо бараните информации беа доставени и на седница одржана на 28 февруари 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и фактот дека постојат различни наводи наведени во два одделни записници изработени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, се утврди дека е потребно повторно да се утврди фактичката состојба, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе Управен спор во рок од 30 дена.

**УП2 бр.09–364/23**
**18 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**